Врз основа на член 7 став 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/95 и 60/95 исправка), а во врска со член 160 од Законот за органите на управата („Службен весник на РМ“ бр. 40/90 и 63/94), министерот за правда донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА РЕГИСТАРОТ НА ГРБОВИТЕ И ЗНАМИЊАТА НА ОПШТИНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ВОДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на регистарот на грбови и знамиња на општините на Република Македонија (во натамошниот текст: регистар) и начинот на неговото водење.

Член 2

Регистарот се води во укоричена книга со димензии 500 х 400 мм, во која секоја страница има свој број.

На насловната страна на регистарот во горниот дел пишува „Република Македонија“, на средината „Министерство за правда“, а веднаш под тие зборови „Регистар на грбови и знамиња на општините во Република Македонија“.

Член 3

Образецот на регистарот ги содржи следните рубрики:

1. постојан број;
2. број и датум на решението за упис;
3. име на општината;
4. седиште на општината;
5. име и презиме на лицето кое е овластено да ја поднесе пријавата за упис;
6. број и датум на актот со кој се утврдува грбот и знамето;
7. забелешка во која се впишува бројот и датумот на решението за бришење од регистарот, односно друга промена и органот кој го донел.

Образецот на регистарот е составен дел на овој правилник (прилог бр. 1).

Член 4

Пред почетокот на водењето на регистарот на последната страница се забележува вкупниот број на страници што ги содржи регистарот и забелешката се заведува со печат и со потпис на министерот за правда.

Регистарот се води на принцип на постојан број.

Член 5

Покрај регистарот секој субјект на уписот има своја регистарска влошка, која е означена со постојаниот број под кој уписот се води во регистарот.

Регистарската влошка се состои од обвивка со соодветен механизам на која поврзано се редат сите акти што се доставени до Министерството за правда во врска со уписот во регистарот.

Член 6

Уписот во регистарот се врши со поднесување на пријава за регистрација на грб и знаме на пропишан образец (прилог бр. 2), кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Кон пријавата за регистрација се приложува статутот на општината, актот со кој се утврдува грбот и знамето и нивниот графички приказ во боја.

Пријавата со прилозите се поднесува во 2 примероци.

Член 8

Запишувањето во регистарот се врши по редоследот на донесување на решението за упис.

Член 9

Регистарот и списите од постапката за запишување во регистарот се чуваат трајно.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-480/3
13 мај 1997 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Владо Поповски,** с.р.

**Прилог бр. 1**

**Број на страница**

***Постојан број*** ______________________

| | |
|---|---|
| **Број и датум на решението за упис** | |
| **Име на општината** | |
| **Седиште на општината** | |
| **Име и презиме на лицето кое е овластено да ја поднесе пријавата за упис** | |
| **Број и датум на актот со кој се утврдува грбот и знамето** | |
| **ЗАБЕЛЕШКА:** | |

**Прилог бр. 2**

**П Р И Ј А В А**

**за регистрација на грб и знаме**

| | |
|---|---|
| **Предлагач: име и седиште на општината** | |
| **Предмет на пријавата** | |

**Кон пријавата ги прилагуваме следните акти:**

1) ____________________

2) ____________________

3) ____________________

4) ____________________

5) ____________________

**Предлагаме врз основа на оваа пријава и на приложените акти да се донесе решение за упис во Регистарот на грбови и знамиња на општините во Република Македонија.**

**Потпис на овластеното лице**

____________________